Архивски број: 08-376/10
12-08-2022 година

По претставката со бр. 08 - 376 од 11.07.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] при СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола, претседател [redacted] при СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола – [redacted], градоначалник на Општина Битола – [redacted] државен просветен инспектор – [redacted] и в.д директорка на СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола – [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) врз основа на член 40 став 6 од Закон за општата управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/2015) на 12.08.2022 години, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА ПРЕТСТАВКАТА** со бр. 08 - 376 од 11.07.2022 година, поднесена од [redacted] **поради ненадлежност.**

**Образложение**

На 11.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 - 376 од страна на [redacted] против Училишен одбор при СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола, претседател на [redacted] при СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола – [redacted], градоначалник на Општина Битола – [redacted], државен просветен инспектор – [redacted] и в.д директорка на СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола – [redacted].

По разгледување на Вашата претставка, списите од предметот и добиените одговори, Ве информираме дека постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) дискриминацијата се дефинира како *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Од наводите содржани во претставката не се препознава причинско – последична врска помеѓу повредата на правото и дискриминаторска основа, која создала нееднаков третман кон подносителот на претставката. Оттука произлегува дека конкретниот случај не е предмет на дискриминација, а Комисијата не е надлежна за оценка на законитоста на процесните дејствија во управна постапка, кога тие не се во корелација со дискриминаторска основа и нееднаков третман.

Согласно член 40 став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен, ќе донесе управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.

Поради се' горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова решение и ја отфрли претставката со бр. 08 – 376 од 11.07.2022 година поднесена од [redacted] заради ненадлежност за постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку подносителот на претставката смета дека постојат повреди при спроведување на постапката за негово разрешување од директор на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" Битола, се упатува да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, како надлежна да одлучува за прашања од работните односи во втор степен.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на Решението.

Скопје
12.08.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]